929.52 Прстенаров,Д.

**Филип Пастенаров** (**Македонија**)
**Е-маил: e-mail: filip_pastenarov@yahoo.com**

# АНТРОПОЛОШКИ ПОГЛЕД КОН АВТОБИОГРАФИЈАТА НА ДИМИТАР (МИТЕ) ПРСТЕНАРОВ (1913 г. – 1996 г.) ОД СЕЛО ВИШЕНИ, ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт**: Овој труд има за цел да прикаже животна приказна на Македонец од егејскиот дел на Македонија преку обработка на неговата автобиографија, досега зачувана во форма на ракопис. Покрај животната приказна, се прави обид за контекстуализација на воено-политичките настани, општествените и идеолошките околности што се опишани од перспектива на авторот; се прави обид да се согледаат карактеристиките на јазикот и јазичните влијанија што се забележителни во ракописот, а се одраз на живеењето во неколку земји во Источна и Југоисточна Европа.

**Клучни зборови**: автобиографија, животна приказна, Димитар Прстенаров, партизанство, Егејска Македонија, Вишени, Костурско, комунистичко движење, Втора светска војна, Граѓанска војна во Грција, Демократска армија на Грција, егзодус, социјализам, Македонија, Југославија.

Интересирајќи се за историјата и животот на моите предци, блиски и подалечни, честопати се распрашував кај моите родители, роднини и пријатели, читав литература. Веќе подолго време знаев за материјали што ги имаа оставено моите дедо и баба, за повеќе фотоалбуми, како и за некои ракописи што некогаш ги напишал дедо ми.

Иако знаев за ракописите, никогаш порано немав прилика да ги разгледам, да видам за што се работи. Секогаш поинтересни ми беа албумите, богати со фотографии од животот на мојата фамилија, додека, пак, ракописите беа сметани за помалку важни, а бидејќи се

напишани со рака, се тешки за читање, па најверојатно никој не беше продолжил да ги чита повеќе од првите страница-две. Тоа што го најдов, што го прочитав, беше воодушевувачки за мене. Ракописите ги сочинуваат материјалите за селото Вишени (Егејска Македонија), кои содржат податоци за историјата на селото, описи на празниците и обичаите, се наведуваат маалата во селото и околните месности, како и многу други податоци поврзани со Вишени и селаните на Вишени, а кои дедо ми, ги објавил во книга за селото Вишени. Другиот дел од ракописните материјали ја сочинуваат автобиографијата на дедо ми Димитар – Мите Прстенаров (1913 – 1996 г.).

Автобиографијата е напишана на рака на деведесет страници. Пишувана е кон крајот на седумдесеттите години на XX век, кога Димитар Прстенаров имал шеесетина години. Најголем дел од речениците се напишани на предната страна од листот, некаде има продолжување на мислата и дополнувања на задната страна од листот, но, исто така, има и додадени (лепени) парчиња хартија со дополнувања, како и дополнување на мислите по страните на веќе пополнетите листови. Во некои случаи додадените (залепените) парчиња хартија требаше да се одлепат за да се прочита дел од ракописот што го беа покриле, и со самото одлепување постоеше опасност вториот слој да се оштети. Сето тоа помина во најдобар ред, но беше потребно многу трпение и внимание. Исто така, постоеја многу оштетени листови, дел скинати и дел каде што ракописот беше размачкан и речиси нечитлив. Некои од листовите беа испомешани, па така беше потребно време за да се најде правилниот редослед. Поради тоа, транскрибирањето и разбирањето на автобиографијата претставуваше навистина голем предизвик.

Напишана е на македонски јазик, на костурски дијалект, но, исто така, можат да се забележат разни јазични влијанија на кои бил подложен авторот во текот на својот живот, како што се: руският јазик, литературниот македонски јазик, бугарскиот јазик, српскохрватскиот јазик, како и конструкција на реченици и изрази карактеристични за тогашното југословенско изразување. Исто така, може да се забележат разни варијации на ракописот во којшто постојат делови со читлив и уреден ракопис, како и такви што се нечитливи и хаотични. Сето тоа ни дава слика како за животот на Димитар Прстенаров во историска перспектива така и за Димитар Прстенаров во периодот кога ја пишувал својата автобиографија.

Авторот на биографијата починал во 1996 година, па така ова истражување добива една посебна димензија на истражување на минатото.

## Претставување на себеси и фамилијата

Димитар Прстенаров, роден на 12.10.1913 г. во селото Вишени – Костурско, бил петтото од шесте деца на Кузо и Каљопа, од кои првото, третото[1] и последното починале, и не ги познавал.

Пишувајќи за своите родители и за животот и околностите во кои се наоѓале во текот на својот живот, Димитар опишува настани од македонската историја низ раскажувањето на личните случувања на своите родители:

> *„Татко и мајка и снаата Лабровица со многу други селјани, возрасни луѓе, татковци, мајки и дедовци беа истерани од селото от грцките власти поради шо учествуваа нивните синови, керки и внуци во партизаните... тие преминаа во рајонот кадето владееа партизаните и тие дадоа својот допринос во борбата во помошните служби.*
>
> *После ликвидацијата на покретот преминаа во НР Полска во град Лечница и во 1960 год. јас ги донесов во Скопје кај мене и останаа кај мене до крајот на својот му живот“.*

### Запознавање со комунистичката идеологија

Откако започнал да се занимава со шивачкиот занает, Димитар бил во опкружување во коешто силно се негувала комунистичката[2] идеологија. Така, секојдневно опкружен со идејата за комунизмот, почнал да се интересира за неа. Во шивачкиот дуќан се собирале пријателите на Мајсторот, а помеѓу нив бил и извесен Никос Пападимос, кој бил комунист по идеологија. Честопати Никос го снабдувал Димитар со литература со која подоцна биле запознаени и други негови соселани.

Во 1932 година во селото Вишени била оформена комунистичка организација. Таа била сочинета од локалното население, но била под управа на Костурскиот огранок на организацијата.

1 Во ракописот како трето дете го наведува Лабро, но на негово место треба да стои Коле.

2 Терминот „комунистичка“ го користам бидејќи со него се служи Д. П. во автобиографијата, иако всушност станува збор за социјалистичка идеологија и движење.

## Учество на македонската дијаспора во организацијата

Димитар сведочи за улогата и активностите на брат му Лабро, кој бил отиден на печалба во Канада во 1927 година. Таму тој бил член на горенаведените братства и бил силен поддржувач на „прогресивното движење“[3], коешто било забрането и поради што бил често пати затворан. Лабро имал голем удел во пропагирањето на идеологијата во селската организација: *„...за добраша ориеншација и зацвасшување на орīанизајаша досша доӣринесе браш ми Лабро, шој ош 1927 īод. оден на ӣечалба во Канада, шаму се ӣоврза со ӣроīресивношо движение и сшана силен акшивисша. Досша ӣаши беше зашворен ош канацкише власши и на еден канацки весник со чешири друīи акшивисши беа сликани на ӣарваша сшраница со синџир варзани еден за друī.*

*1932 беше дојден за една година, на*[4] *виде и во то време ни одаржа доста лексии по идејнополитичките вопроси, за нас шо беа многу полезни*“ (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

### Периодот на диктатурата на Метаксас

Пишувајќи во 1938 година, австралискиот автор Берт Биртлс (Bert Birtles) во неговата книга „*Егзил во Егејот*“ вели: „*Ако Грција нема проблеми со Евреи, тогаш таа ги има со Македонците*“ (Birtles 1938:131).

Оваа состојба особено дошла до израз за време на диктатурата на Јоанис Метаксас (1936 – 1940) кога репресиите кон Македонците го достигнале можеби својот најбрутален облик.

> *„Со сшаӣуваниешо дикшашураша на Мешаксаша, īрцкиош народ се лиши ош слобода а за македонскиош злошо беше дуӣло – беше лишен и ош националнише ӣрава, шие мало шо беа осшанаши, и нај лошо шо беше шо со закон му беше забранеш да си īовори мајчин му език на македонски и кој ке се фашваше да зборва ӣо македонски одма му се ӣоднесуваше шузба и казнеш со ӣредвидениош закон 500 дрм*[5] *и ӣола кило рицинусово масло и една ренīа (солена риба) за да неīо ӣоврати.*

3 Термин што го користи Димитар Прстенаров во својата автобиографија во дадениот контекст.

4 Нѐ виде.

5 Драхми.

*Полицајците вечерните часови одеа под пенџерите за да слушаат как си зборват дома сељаните. Имаше еден случај, 90 сета годишна Василица Калкова, баба на Пандо Калков, пошто побара едно шпирто (кибрит) от продавачот дуканот Колто Калков во присуство на хорофилако (полицаецот) тој му поднесе тужба, и е однесе внук му со маиката до врата на судот заш неможеше да оди, а судијата е ослободи пошто она не знае Грцки и шо беше могу стара. (...) Хорофилаците (полицајците) даже одеа по нивиата за да слушат как ораа, ги тера воловите да орат дали по македонски или по грцки“* (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

И покрај тоа што жителите на Вишени и Костурско биле подложени на репресии поради идеолошката и етничката припадност, вишенската комунистичка организација продолжила со своите активности пркосејќи им на сѐ построгите закони и казни.

## Форми на отпор

Прв акт на отпор бил бојкотот на полицијата во селото[6], како и кон одредени учители што биле „гркомани“. Кулминација на бојкотот се случила за време на празникот „Свети Атанас – Летни“ кога дошло до драстично изолирање на луѓето што биле сметани за „гркомани“ и „шпиони“, при што мнозината луѓе, помеѓу кои биле и членовите на комунистичката организација, одбиле да ги прифатат во селската прослава, односно во заедничкото оро.

Во 1939 година во регионот се случиле навистина турбулентни настани. Албанија била окупирана од страна на фашистичка Италија, а Грција била под константни закани.

За време на овие политички превирања, грчката армија постојано вршела мобилизација на населението. Во редовите на грчката армија повторно стапил Димитар, но по кратко време бил демобилизиран.

Кратко по демобилизацијата стапиле на сцена апсењата на комунистите низ целата грчка држава, па така и во Костурскиот Регион. Се претпоставувало дека комунистичката организација била

6 Од денешна перспектива не може да се добие јасна слика за тоа какво значење имал бојкотот на полицијата, но тоа било драстична мерка, особено бидејќи, сѐ до појавата на немилите настани, полицајците имале сосема нормална интеракција со селаните и повеќе или помалку биле сметани како дел од селската заедница.

откриена од грчките разузнавачки служби со помош на инфилтрирани агенти во многу ограноци.

За активностите во комунистичката организација сите биле судени и осудени на разни затворски казни. На Димитар му била изречена казна затвор од една година на островот Анафи, но до тоа не дошло бидејќи им било понудено да потпишат „Декларација за откажување од партијата“, а со тоа и да бидат ослободени.

## Албанскиот фронт

Есента 1940 година Димитар бил повторно мобилизиран во грчката армија. Служел во артилериска единица, којашто била стационирана над селото Света Ана на планината Аливица.

По заземањето на Коница, членовите на единицата на Димитар продолжиле пешки сѐ до градот Корча во Албанија каде што биле прераспределени во другите борбени единици.

*„На мене ме исӣраӣиа во бриӷадаӣа како ӣелефонисӣ ӣоӣо и ӣелефонисӣ беф, цела зима во снеӷовиӣе шес месеци“* – пишува Димитар (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

Таму останал до месец април 1941 година, сѐ додека единиците на грчката армија не се расформирале по капитулацијата на грчката држава. По сите овие случувања, Димитар повторно се вратил во родното село.

## Формирање вооружена организација

По враќањето во Вишени, Димитар и другите членови на организацијата повторно се активирале сѐ со цел да се организираат во борбата против новите окупатори.

Било одлучено да се почне со вооружување, а во оние села во коишто не постоеле комунистички организации да се воспостават нови.

Со цел фаќање на комунистичката група во која бил и Димитар, од страна на италијанската војска биле спроведени неколку акции. По неколку месеци поминати во бегство, Димитар и уште еден другар од организацијата, Спиро Спасов, решиле да се предадат.

Во почетокот на мај 1942 година заминал прво за Битола, а по 15-ина дена во Софија.

За време на престојот во Софија, Димитар разбрал дека се оформиле партизански групи во Костурско, па поради тоа во почетокот на мај 1943 година се вратил во Вишени.

## Појавата на „контрашки“ организации во Костурско

По враќањето од Софија, Димитар затекол непријатна состојба во родниот крај. Биле формирани нови вооружени групи, поттикнати и организирани од италијанските и бугарските воени власти.

Организирањето на фашистичките групи, кои Димитар во текстот ги нарекува „контрашки“ или „комитски“, било со цел „*Борба против Грците*“ (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров), но, исто така, и за борба против „прогресивните“[7] комунистички движења.

> *„Во прво не знам точно дали во крајот на 1942 или во почетокот на 1943, сѐ изгледа потикнато од фашистичките бугарски агенти шо соработуваа со италјанските фашистички власти, почнаа да формираат контрашка организација от македонското население за да е противопостават против прогресивните движениа. И, лесно најдоа терен и постигнаа својата цел со паролата 'Борба против Гарците' и то фати место заш македонскиот народ беше цело време беше обесправен от грцките власти којто не саму школи шо не му даваа на мајчин език, песни и обичај туку и нај основното и да му го забрани и мајчин му език“* (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

## Засиленото присуство на партизанството

Во 1943 година партизанското движење се интензивирало во Костурскиот Регион, организирано и поддржано од Комунистичката партија на Грција.

> *„През истото лето ни го посети селото и една група друга партизани Грци и Македонци на чело со друг. Ариано. Народот се ентусиазира, се радваа, давајки му полна доверба и подаршка заш партизаните ги гледаа*

7 Прогресивно движење – термин што Димитар Прстенаров го употребува за именување на комунистичките групи/организации.

*кату спасители от контрашите и Италјанците"* (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

Истата 1943 година бил оформен одредот „Лазо Трповски", составен, како што наведува Димитар, *„от поголем број Смардешчени, Цупанишчени, от Апоскеп и от некој други села и со Командир на групата Мичо Топурка (Титан)"* ( ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

Токму во овој одред Димитар подоцна се приклучил на партизанското движење.

Во истиот период на политичката сцена се случувале одредени несогласувања во КПГ.

Грчкото партиско раководство, во април 1944 година, донело одлука за расформирање на СНОФ и СОВ. Една поголема група Македонци, борци и активисти на ЕЛАС и политички организации, во знак на протест на 16 мај 1944 година се отцепиле од КПГ – ЕЛАС, и, со согласност на ГШ на НОВ и ПОМ, се префрлиле на Караорман каде што се организирале во баталјон, наречен Костурски баталјон.

> *„Јас си помисли малко и влијаејки се от добриот впечаток шо оставиа, со нашите македонски песни и ора и нај важно македонскиот език шо го говореа и чарвената цвезда шо е имаа на капите кога ги посетиа нашите места, ме привлече то и решив да ода и јас, сметајки дека то е све исто, борбата е еднаква, иста цел има, без да ми оди ни нај малку на ум дека то ке означи расцепление со ЕЛАС и ке му донеси штета на Грцката Партија којто и на мене не ми беше по кеф"* (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

Отцепувањето на македонските партизани од редовите на ЕЛАС не било прифатливо за раководството на КПГ. Поради ова прашање биле нарушени и односите помеѓу КПЈ и КПГ.

За овој историски настан сведочи и Димитар во неговата автобиографија:

> *„При крај на фториот месец, еден ден не собраа и политичкиот комесар на штабо Цветко Узуновски, ни одарза говор. Во кратко речено не обедуваше дека треба да се вратиме во нашиот крај и таму пак заедно со другарите Грци да водиме борба против општиот непријател. По се изгледа се договорија двете партиј и го најдоа за згодно така да биде и така стана"* (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

Во продолжение на ова сведоштво, Димитар го опишува влегувањето на македонските партизани на територијата на Костурскиот Регион и нивното користење на македонски и

комунистички обележја. Тие биле подоцна забранети и отстранети по наредба на КПГ.

> *„По истиот пат пак стигнавме во Вамбелската планина; таму имаше две бачила којто добро не потхрануваа и от таму преку село Лабанија – Коснеци стигнавме во село Дамбени. Нија, пусти македонски народ, угнетени, обесправени, ~~жедни за национални права~~[8] от буржоаските права на Грција и сега мислејки дека го имаме то право, направивме македонско знаме, со петокрака на капите и со знамето напре дигнато поминавме по горе спомenatите села чак до село Поздививишча.*
>
> *Та наша појава не одговараше на поставената лиња[9] на К.Г. и така беа отстранети знамето и петокракатa (ѕвездата)*“ (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

По многубројните превирања на политичко ниво, дошло до одлука македонските единици да се отцепат од составот на ЕЛАС, да бидат префрлени на југословенска територија, во вардарскиот дел на Македонија, и да се стават под команда на ГШ на НОВ и ПОМ.

Според напишаното, Димитар не бил информиран за овие политички случувања, па во автобиографијата тој овие моменти ги запишал од своја перспектива:

> *„Во нас радоста беше голема, от една страна заш вече слободата беше прет нас, а от друга страна пак, нѐ мачеше заш не знаевме как ке се развие работите со та пуста спогодба шо е склучиа во Либан преставници на ПЕА – ЕАМ и имиграцката влада на Георги Папандреу. Покрај та грижа шо е имаме се појави и друга. Нашите раководни лица дојдоа на недоразбиране со грцкото раковоство. Кој беа причините не знам но разногласиата стигнаа на таков степен шо нашите решиа да се повлечи цела бригада от териториата шо се намервавме...“* (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

8 Пречкртано.

9 Линија.

## Граѓанската војна во Грција

По тргнувањето од Битола, групата во која бил Димитар се упатила преку Кајмакчалан[10] кон селото Попадија. Оттаму, преку Леринско Поле, се упатиле и стигнале во селото Прекопана каде што се наоѓал баталјон чиј водач бил генерал-мајорот Пандо „Ваена“.

До пролетта 1948 година се движеле речиси низ целиот костурски крај водејќи борби со монархофашистите. Оттаму, оставајќи еден баталјон на планината Грамос, продолжиле кон планината Вичо. На тие позиции Димитар останал до април 1948 година, па потоа бил префрлен на позициите на планината Грамос. Од единицата во која бил Димитар, којашто броела 24 луѓе, погинале 13.

Во борбите Димитар бил ранет и лекуван во Албанија. Пролетта 1949 година, повторно заминал на воените позиции на планината Вичо, овој пат во артилериска единица, и таму останал сѐ до повлекувањето на единиците на ДАГ.

## Заминувањето во СССР и враќањето во НР Македонија

Како и повеќето партизани, така и Димитар со својата единица се повлекол на територијата на Албанија, поточно во градот Корча и оттаму во градот Бурел. Во градот Бурел се нашол со неговата жена, која во меѓувреме била во помошните единици на ДАГ, и оттаму заминале за Елбасан за да се видат со родителите на Димитар што биле таму избегани. Од Елбасан се упатиле кон Драч и оттаму со брод биле префрлени во Советскиот Сојуз.

> *„Советските власти љубезно не пречекаа, давајки ни сите удобства за живеење. Оше во возо ни имаа на располагање разни музички иструменти за разонода.*
>
> *Кога стигнавме во град Чирчик, све преготвено беше… кревети со бели чаршафи, огромен ресторант, готов опремен. Ни дадоа по два пара одела, едно официално и едно обично, исто така и чевли и капут и.д. Плус горе наведените ни дадоа и по 500 рубли на секој еден и така продолживме*

10 Димитар Прстенаров овој врв во автобиографијата го нарекува Кајмакшалан – Кајмакчалан.

*да седиме и да јадиме без да се плаќа нешто“* (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

Тој и сопругата најпрво биле вработени во извесен завод[11], а по 2-3 месеца Димитар бил ангажиран како шивач во шивачка работилница.

По година-две биле преместени во градот Јанѓул, и таму Димитар бил вработен во „*комбинат со разни струки за другарите, исклучиелно за нас шо беа имвалиди и со слабо здравие*“ (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

Во комбинатот Димитар бил поставен за раководител на шивачкиот сектор.

По една година повторно биле преместени во „12-то Гратче“[12] во близина на Ташкент, коешто било населено единствено со „гарцки политмигранти“[13], и тој бил вработен во друг комбинат каде што работеле исклучиво инвалиди и жени со мали деца.

Во тоа населено место останале до 1957 година. За време на престојот во „12-то Гратче“ било одлучено да добијат лични карти. Во личните карти сите иселеници од Егејска Македонија, Македонци и Грци, требало да бидат заведени како Грци, на што мнозинството Македонци се побуниле и побарале да бидат заведени како посебен народ, како Македонци.

> *„Во то време кога бевме во 12сто граче се реши да ни дадат лични карти.*
>
> *И ние Македонците до тогас фигурираме кату Гарци по име и презиме и то на нас Македонците то ни тежеше многу на душата, заш да не се сметаме то шо сме, и така, со та прилика повикето Македонци, мислејки дека е момент сега и така се писаме по наши Славјанцки назив. Во то време Грцката партија не протестираше но и не помогна којто требаше да не натера на нас Македонците да си го зеваме правилното, национално име и презиме“* (ДАЕАР, ДЕМ_1530, Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров).

Во месец март 1957 година, дошле во Скопје. На почетокот животот на Димитар и неговото семејство бил доста тежок, но со текот на годините ситуацијата се подобрувала.

Во последната реченица од автобиографијата, Димитар пишува дека по дваесет години отишол во пензија и води пензионерски живот.

---

11 Димитар Прстенаров не наведува дополнителни информации.

12 Не е наведено дополнително објаснување за името на ова место.

13 Во тоа време сите иселеници од Егејска Македонија биле запишани како Грци, состојба што подоцна се променила.

Димитар Прстенаров починал во Скопје на 6 ноември 1996 година.

## Заклучок

Димитар Прстенаров е роден во 1913 година во село Вишени – Костурска Околија и во текот на својот живот доживеал и бил дел од неколку настани значајни за регионалната, македонската, па и за европската историја. Во автобиографијата Димитар најпрво говори за своето семејство, ги набројува роднините од таткова и мајчина страна и продолжува со раскажување на својот живот, т.е. на својата младост.

Тој целиот свој живот го поминал како поддржувач на идејата за „комунизмот" и, како таков, во својата автобиографија фокусот го насочува токму кон политичките случувања од времето на неговата младост и неговиот политички активизам во родното место.

Така, Димитар го опишува неговото запознавање со комунистичката идеологија, нејзиното ширење во селото и околината, воспоставувањето организирани групи луѓе врз основа на комунистичката идеологија. Раскажува за разни случувања, пријатни и непријатни. Ја опишува положбата на Македонците и репресиите кон нив, неговото судење и издржување на казната на еден од грчките острови, почетокот на Втората светска војна, неговата мобилизација во грчката војска, за Грчко-италијанската војна, за Албанскиот фронт, за капитулацијата на Грција. Понатаму, пишува за случувањата во селото и регионот за време на италијанската окупација, за појавата на профашистичките „контрашки/комитски" групи составени од локалното македонско население, а со тоа и за поделбата на населението според политичко и идеолошко убедување. Раскажува за разни немили настани, за организирањето на „комунистичките групи" против „фашистичките групи". Опишува многу настани, убиства, битки; раскажува за неговото стапување во партизанските единици и за настани поврзани со партизанството. Го опишува падот на фашизмот и уништувањето на профашистичките организации во Костурскиот Регион, повторната промена на светската и регионалната политика и преминувањето на партизанството во илегала во новата грчка држава, префрлањето на неговата партизанска единица во Југославија, тамошното ангажирање во изградбата на локалната инфраструктура.

Понатаму го опишува почетокот на Граѓанската војна во Грција, неговото враќање во својот крај во Егејска Македонија и неговото учество во Демократската армија на Грција.

По поразот на ДАГ раскажува за иселувањето од родното место, прво во Албанија, па во Советскиот Сојуз, за тамошниот живот, па сè до доаѓањето во НР Македонија.

Така, Димитар Прстенаров, раскажувајќи за својот живот, всушност ни раскажува дел од историјата почувствувана врз себе, ни ги доловува „од прва рака“ случувањата што ги доживеал.



Димитар со кучето Боби – 1925 год.



Димитар во војничка униформа



Солун– 1934 г




**Првата куќа во Скопје – 1957 г.**




**Берба на памук – Ташкент**

## Извор

*Автобиографија на Димитар (Мите) Прстенаров*, ракопис, 1-70, Дигитален Архив за етнолошки и натрополошки ресурси (ДЕАР), ДЕМ_1530, Институт за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје.

## Литература

Д-р Ристо Кирјазовски превод, редакција, коментар. 1996. *Егејска Македонија во НОВ (Септември 1944 – Февруари 1945),* Том VII – Книга 3, Архив на Македонија, Скопје: Матица Македонска.

Д-р Ицо Најдовски – Перин. 2015. *Македонско - Австралиски народен сојуз (1946 – 1958),* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Институт за национална историја.

Ристо Кирјазовски. 2001. *Егејскиот дел на Македонија по граѓанската војна во Грција*, Скопје: Институт за национална историја.

*Главниот штаб на НОВ и ПОМ (1941 – 1945).* Прилози од научниот собир одржан во Скопје на 19 и 20 Декември 1996, Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, Институт за национална историја, 1997.

Џон Шеј. 2002. *Македонија и Грција: битката за дефинирање нова балканска нација,* Скопје.

*Exiles in the Aegean: A Personal Narrative of Greek Politics and Travel,* Bert Birtles – London.

Христо Андоновски. 2017. *Вистината за Егејска Македонија*, Торонто: Risto Stefov Publications, 1938.

Марјан Марковиќ. 2007. *Дијалекстологија на Македонскиот јазик – 1*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески”.


Од Афтобиографијата
е комплетен ~~материјал~~ со
недостатоци


1)
Јас Мите (Димитар) Прстенаров
от село Вишени Костурска околиа Егеј-
ска Македонија, роден на 13-X-1913 год
от родители татко Кузо и мајка Кальопа
татко е роден 1871 год а мајка 1873
от шесте порет браќа и сестри јас
бев пети.

1) Глигор
2) Лена
3) Лабро
4) Коле
5) Мите
6) Љуба

Јас на-1-3-6-ти несам ги запаметил пошто
беа умрени.
Сестрами Лена беше родена 1902 год. а братми
Лабро 1903. сестрами Лена умре 1951 год
мусе поремети здравието от затворот и
заточението што е имаа монархофашисти-
те во време на граѓанската војна во
Грција. Братми Лабро умре 1962 год во
Монтреал Канада кадето беше на печа-
лба.
Мајками исто така умре 1962 тука во
Скопје, таткоми умре 1964 год исто, во
Скопје.
Татко и мајка и снаами Лабревица со
многу други селани возрасни куќе татковци
мајки и дедовци беа истерани от селото
~~пороци~~ от грцките власти поради што учеству-

Факсимили од ракописот на Автобиографијата на Димитар (Мите) Прстенаров (1913 г. – 1996 г.) од село Вишени, Егејска Македонија